**Прашања од акционерите**

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од Дневниот ред на седницата на Собранието.

Банката одговара на поставените прашања доколку тоа не е во спротивност со доверливоста во работењето, принципите на банкарската и деловната тајна, како и деловните интереси на Банката.

Банката може да даде еден збирен одговор на прашањата со иста содржина. Банката може да одговори директно на акционерот или да ги објави одговорите на поставените прашања на својата официјална интернет-страница во формат на прашања и одговори.

Акционерот го доставува прашањето во писмена форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционерот - физичко лице, односно назив, седиште, печат и целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционерот - правно лице.

Заедно со поставеното прашање, акционерот задолжително треба да приложи и соодветни документи за идентификација, и тоа:

- За акционер - физичко лице се приложува:

- Извод /во оригинал/ од Централниот депозитар за хартии од вредност во којшто е наведен бројот на акциите, не постар од три дена;
- Копија од важечка лична карта или пасош.

- За акционер - правно лице се приложува:

- Извод /во оригинал/ од Централниот депозитар за хартии од вредност во којшто е наведен бројот на акциите, не постар од три дена;
- Последна тековна состојба од Централниот регистар /во оригинал/, не постара од седум дена;
- Копија од важечка лична карта или пасош на законскиот застапник.

Прашањата во писмена форма, заедно со документите за идентификација, треба да бидат доставени во ТТК Банка АД Скопје, најдоцна до 8.10.2020 година.

Адреса на која се доставуваат прашањата:

ТТК Банка АД Скопје
/Секретаријат/

ул.„Народен фронт“ бр.19А
1000 Скопје

/со назнака: за XXXV седница
на Собрание на акционери/